ЗАКОН
ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

(„Службен весник на РМ“ бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18, „Службен весник на РСМ“ бр. 232/19, 275/19, 290/20 и 151/21)

- неофицијален пречистен текст-

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува начинот на оданочување на добивката, стапката по која се пресметува данокот на добивката, обврзниците за плаќање на данок на добивка, даночната основа за пресметување на данокот на добивка, роковите за плаќање на данокот на добивка, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на добивка.

Член 2

Стапката на данокот на добивка изнесува 10%.

Член 3

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка го врши обврзникот на данокот на добивка.

II. ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

Член 4

(1) Обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство.

(2) Резидент, во смисла на ставот (1) на овој член, е субјектот кој е основан или има седиште на територијата на Република Македонија.

Член 4-а

(1) Здруженија на граѓани и фондации како и нивните сојузи и други облици на здружување или поврзување, стопанската интересна заедница, политичките партии, верските заедници, религиозните групи, Црвениот крст на Република Северна Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите, коморите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, не се обврзници за данок на добивка.

(2) Како неоданочиви приходи за организациите од став (1) на овој член се сметаат: приходи од членарини, доброволни прилози, донации, грантови, подароци

(во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, приходи од дивиденди од трговските друштва основани со средства на здружението, и приходи од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на Град Скопје врз основа на претходно изготвени програми (проекти) одобрени од Владата на Република Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на Град Скопје.

(3) Организациите од став (1) на овој член кои остваруваат приходи од вршење стопанска дејност во рамките на нивното непрофитно делување, заради избегнување нелојална конкуренција со субјектите на кои добивката остварена од вршење стопанска дејност им се одаочува, стануваат обврзници за пресметување и плаќање данок на вкупен приход, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност е поголем од 1.000.000 денари.

(4) Данокот на вкупен приход за обврзниците од став (3) на овој член се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година, на износот кој надминува 1.000.000 денари.

Член 5

Обврзник на данокот на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република Македонија.

Член 6

(1) За целите на овој закон, постојана деловна единица на странско лице е постојано место на активност преку кое или во кое се врши, целосно или делумно, стопанска дејност на странското правно лице во Република Македонија, директно или преку зависен агент.

(2) Постојаната деловна единица вклучува место на управување, подружница, филијала, канцеларија, фабрика, работилница, рудник, извори на нафта или гас, каменолом или друго место на искористување на природните ресурси.

(3) Градежен локалитет, проект за изградба, монтажа или инсталација или супервизорски активности и вршењето на услуги во врска со нив, кои траат подолго од шест месеци, се смета за постојана деловна единица од денот на почетокот на активностите вклучувајќи ги и подготвителните работи.

(4) За постојана деловна единица, исто така, се смета извршувањето на услуги, вклучително и консалтинг услуги, но само доколку ваквите активности кои се однесуваат на извршувањето на еден или поврзан со него проект, траат подолго од 90 дена континуирано во кој било дванаесетмесечен период.

(5) За континуираниот период од ставот (4) на овој член се смета периодот во непрекинато траење од 90 дена при што прекините до седум дена не се сметаат за прекинување на континуитетот. Временскиот континуитет од 90 дена се пресметува во времетраењето на проектот, независно од бројот на лицата кои учествуваат во неговото извршување.

(6) Доколку едно или повеќе лица го исполнат условот од ставовите (4) и (5) на овој член, во извршувањето на еден или поврзан со него проект, се стекнуваат со статусот на постојана деловна единица, вклучително и во однос на активностите на лицата поврзани со работата на други неповрзани проекти независно од нивното времетраење.

(7) Постојаната деловна единица од ставот (1) на овој член се пријавува на почетокот на вршењето на дејноста како обврзник на данокот на добивка, заради добивање на единствен даночен број.

(8) По исклучок на ставовите (1) и (2) на овој член, странско правно лице се смета дека има постојана деловна единица во Република Македонија во поглед на активностите кои едно лице, кое не е агент со независен статус, ги извршува во име на странското правно лице доколку лицето дејствува во Република Македонија во име на странското правно лице и доколку се применува било кое од следново:

а) лицето е овластено и редовно го спроведува во Република Македонија овластувањето да склучува договори во име на странското правно лице, освен ако активностите се ограничени на наведените во ставот (9) точки а) до ѓ) на овој член или

б) лицето редовно одржува во Република Македонија залиха на производи или добра од кои лицето редовно испорачува производи или добра во име на странското правно лице.

(9) По исклучок на ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член постојаната деловна единица не го вклучува следново:

а) користење на кој било објект од страна на едно лице единствено за цели на складирање или изложување на производи или добра кои му припаѓаат на тоа лице;

б) одржување на залиха на производи или добра кои му припаѓаат на лицето единствено за цели на складирање или изложување;

в) одржување на залиха на производи или добра кои му припаѓаат на лице единствено за цели на преработка од страна на друго лице;

г) продажба на производи или добра кои му припаѓаат на лице, кои биле изложени за време на привремен или повремен саем или изложба доколку производите или добрата се продадат не подоцна од еден месец по завршувањето на саемот или изложбата;

д) одржувањето на постојано место на активност единствено за целите на купување производи или добра или собирање информации за лицето;

ѓ) одржувањето на постојано место на активност само за целите на извршување на која било активност за лицето од подготвителна или помошна природа;

е) одржувањето на постојано место на активност единствено за каква било комбинација на активности спомнати во деловите а) до ѓ), под услов целата активност извршувана на такво постојано место да биде од подготвителна или помошна природа.

(10) Странско правно лице не се смета дека има постојана деловна единица во Република Македонија само поради тоа што извршува стопанска дејност во

Република Македонија преку брокер, општ агент или кој било друг агент со независен статус под услов активноста да биде редовна стопанска дејност на агентот.

(11) Странско правно лице не се смета дека има постојана деловна единица во Република Македонија само поради тоа што контролира или е контролирано од страна на домашно правно лице или лице кое извршува стопанска дејност во Република Македонија, без разлика дали преку постојана деловна единица или на друг начин.

III. ДАНОЧНА ОСНОВА

Член 7

(1) Основа за пресметување на данокот од добивка е добивката која се утврдува во даночниот биланс.

(2) Основа за пресметување на данокот од добивка се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди.

Член 8

Основата од членот 7 став (2) од овој закон се зголемува за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели.

Член 9

(1) Како непризнаени расходи за даночни цели се сметаат:

1) расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2) надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат:

- најнискиот износ на дневници за службени патувања, теренски додаток или одвоен живот утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа, при што исплатите по овој основ меѓусебно се исклучуваат,

- износот на помош во случај на смрт на вработениот и на член на неговото семејство утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа,

- најнискиот износ на помош за претрпени штети од елементарни непогоди утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија,

- најнискиот износ на отпремнина која се дава при заминување во пензија утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа,

- износот на еднократен надоместок – испратнина заради трајно работно ангажирање на работниците при откажување на договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) утврден со закон,

- износот на регрес за годишен одмор во висина од 80% од просечната месечна бруто плата по работник во Република Македонија, објавена до денот на исплатата,

- износот на јубилејни награди за најмалку десет години работа кај ист работодавач во висина на просечна месечна плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци објавена од Државниот завод за статистика,

- износот на надоместоци на трошоци за користење на сопствено возило на вработениот за потребите на работодавачот, во висина од 30% од исплатениот износ, но најмногу до 60.000 денари на годишно ниво,

- износот на надоместокот заради непрекинато боледување подолго од шест месеци предизвикано со повреда на работа или професионално заболување во висина на просечната месечна плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци и објавена од Државниот завод за статистика и

- износот на надоместокот при селидби на вработените за потребите на работодавачот во висина на стварните трошоци направени за превоз на покуќнината и на семејството;

3) трошоците за организирана исхрана и превоз во јавниот сообраќај на вработените, над износите утврдени со закон;

3-а) надоместоци на трошоци за хотелско сместување (категорија повисока од четири ѕвездички) во износ над 6.000 денари дневно по лице и надоместоци на трошоци за превоз на лица кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот (во земјата и во странство), доколку истите не се документирани;

3-б) надоместокот на трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со Законот за работните односи;

4) трошоците по основ на месечните надоместоци на членовите на органите на управување над 50% од просечната месечна бруто плата исплатена во претходната година во Република Македонија, при што како надоместоци на членови на органите на управување се сметаат месечниот надоместок, односно паушал, надоместоците за патни и дневни трошоци;

5) трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен;

5-а) трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен;

5-б) трошоци по основ на уплатени премии за доброволно здравствено осигурување над износот од една просечна месечна бруто плата, исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, на годишно ниво по вработен;

6) надоместоците за лицата волонтери според членот 10 став (2) од Законот за волонтерство и за лицата ангажирани за вршење на јавни работи согласно со членот 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност исплатени над износите утврдени со закон;

7) скриените исплати на добивки како што се: давање на одредени производи и услуги на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица по цена пониска од пазарната, вклучувајќи ја и пониската камата на одобрените заеми; плаќање за добиените производи и услуги од содружниците или акционерите или на нив поврзани лица, по цени повисоки од пазарните и овозможување на стекнување на добивки на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица;

7-а) кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице;

8) трошоците направени за репрезентација во висина од 90%;

9) трошоците за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во годината;

10) трошоците за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината;

10-а) трошоците за донации во спортот согласно член 30-а од овој закон;

11) трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот како и износот на каматите по кредити за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и украсни предмети;

12) осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членовите на органите на управување, како и на вработените доколку истите не се одбиваат од плата, освен личното колективно осигурување на работниците за повреди на работа;

13) даноците по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник;

14) паричните и даночните казни, пеналите и казнените камати за ненавремена уплата на јавните давачки и на трошоците за присилна наплата;

15) стипендии, освен стипендиите доделени на начин и под услови утврдени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности кои се оданочуваат според одредбите од точката 10) на овој член, во кои не спаѓаат трошоците за обука и специјализација на вработените заради остварувањето на дејноста на даночниот обврзник, под услов истите да продолжат со работа кај истиот работодавач, во временски период утврден со договор, кој не е пократок од три години сметано од годината на стекнувањето со соодветните знаења;

16) трошоците на кало, растур, крш и расипување над нормираните износи утврдени за соодветната гранка, под услов истите да не се настанати како резултат на вонреден настан или виша сила;

17) трајниот отпис на ненаплатените побарувања, освен трајниот отпис на ненаплатените побарувања по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување и

18) трошоците за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно закон.

19) надоместок за практикантска работа над износите пропишани согласно со Законот за практиканство;

20) надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно и

21) платени лабораториски тестови за COVID-19 за вработени лица во износ поголем од 50% од просечната месечна бруто плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, на годишно ниво по вработен.

(2) Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели ги пропишува министерот за финансии.

Член 9-а

(1) Непризнаени расходи за даночни цели се и трошоците за амортизација на ревалоризираната вредност на материјалните и нематеријалните средства.

(2) Трошоците за амортизација на материјалните и нематеријалните средства се признаваат како расход во даночниот биланс до износот пресметан на набавната вредност на средствата со примена на амортизационите стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

(3) Одбраниот метод на амортизација се применува до конечна амортизација на поединечното средство или група средства.

(4) Амортизирано средство или група средства не можат повторно да се вклучат во пресметка на амортизација при утврдување на основата за оданочување.

(5) Преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат може да се амортизира во целина независно од пропишаниот век на траење, при што за таквата амортизација во целина да влезе како расход при утврдување на основата за оданочување, најдоцна до 31 јануари наредната година се

поднесува барање за издавање на согласност до Управата за јавни приходи, која во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето ја издава согласноста.

(6) Владата на Република Македонија ја утврдува Номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства.

Член 10

(1) Непризнаени расходи за даночни цели се и трошоците за исправка на вредноста на ненаплатените побарувања, освен исправките на вредноста кај банките, штедилниците и осигурителните друштва на начин утврден со закон, како и ненаплатените побарувања по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член трошоците за исправка на вредноста на ненаплатените побарувања се признаваат како расход за побарувањата од субјектите над кои е отворена постапка на стечај и на ликвидација, доколку истите се пријавени и потврдени од страна на стечајниот управник.

Член 11

(1) Непризнаени расходи за даночни цели се и ненаплатените побарувања кои произлегуваат од трансфери на парични средства кои по својата економска суштина се заеми, доколку не се вратени во истата година во која е извршен трансферот на заемот.

(2) Одредбата од став (1) на овој член не се применува за дадените заеми на правни лица резиденти на Република Македонија.

Член 12

(1) Непризнаен расход и помалку искажан приход за даночни цели е позитивната разлика меѓу цената на извршената деловна или финансиска трансакција меѓу поврзани лица (трансферната цена) и пазарната цена и тоа:

1) износот на позитивната разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакцијата по трансферната цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција по цена утврдена во согласност со принципот на „дофат на рака“ (arm’s length principle), или

2) износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со принципот на „дофат на рака“ и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена.

(2) Принципот „дофат на рака“ подразбира дека деловните и финансиски трансакции помеѓу поврзаните лица се вршат по цени и според услови во кои тие трансакции не се разликуваат од оние помеѓу неповрзани лица во споредливи околности.

(3) Принципот „дофат на рака“ се однесува на сите трансакции помеѓу поврзани лица, вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на: материјален и нематеријален имот, деловни и финансиски услуги, внатрегрупациски услуги, надоместоци за авторски права, акции, деривати, други хартии од вредност, други финансиски инструменти и какви било други трансакции што можат да влијаат врз добивката или загубата на поврзаните лица.

(4) При утврдување на цената на трансакциите во согласност со принципот „дофат на рака“ се користат следните методи:

1) метод на споредлива неконтролирана цена;
2) метод на препродажна цена;
3) метод на цена на чинење;
4) метод на трансакциска нето маржа;
5) метод на поделба на добивка;
6) кој било друг метод доколку примената на претходно наведените методи не е соодветна.

(5) За секоја категорија трансакции, односно група трансакции од ист вид, обврзникот го избира најсоодветниот метод за утврдување на цената на трансакцијата во согласност со принципот на „дофат на рака“.

Член 12–а

(1) Обврзникот е должен за трансакциите од членот 12 од овој закон да приложи извештај до Управата за јавни приходи, најдоцна до 30 септември во тековната година за претходната година.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, обврзникот поднесува извештај во скратена форма доколку вкупната вредност на трансакциите со поврзаните лица во текот на годината не надминува 10.000.000 денари.

(3) Формата и содржината на извештајот од ставовите (1) и (2) на овој член, видовите методи за утврдување на цената на трансакцијата во согласност со принципот на „дофат на рака“ и начинот на нивна примена ги пропишува министерот за финансии.

Член 12–б

Одредбите од членовите 12 и 12-а од овој закон не се однесуваат на трансакциите помеѓу поврзани лица резиденти на Република Северна Македонија, како и на обврзниците кои во текот на годината остариле вкупен приход во износ до 300.000.000 денари.

Член 13

(1) Непризнаен расход за даночни цели е износот на делот од камати по заемите кои се добиени од поврзано лице кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица.

(2) Кај заемите кои се добиени од поврзаното лице од ставот (1) на овој член при утврдувањето на расходите од камати се признава пресметаната камата најмногу до висината на каматната стапка која би се остварила меѓу неповрзани лица, во моментот на одобрувањето на заемот.

(3) При утврдувањето на приходите од каматите на заеми дадени на поврзани лица, се признаваат пресметаните камати, најмалку до висината на каматните стапки, кои би се остариле меѓу неповрзани лица, во моментот на одобрувањето на заемот.

(4) Како основ за определување на висината на каматната стапка од ставовите (2) и (3) на овој член која би се остварила меѓу неповрзаните лица е стапката остварена на финансиски пазар во земјата или на меѓународен финансиски пазар.

Член 14

Непризнаен расход за даночни цели е износот на затезните камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице.

Член 15

(1) Непризнаен расход за даночни цели е износот на каматите на заемите добиени од содружниците или акционерите – нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот на друштвото, кои за повеќе од три пати го надминуваат износот на уделот на тој содружник или акционер. Како заеми се сметаат и заемите од трети лица кои се гарантирани од содружникот или акционерот. Износот на уделот на содружникот или акционерот во капиталот на корисникот на заемот се определува за даночниот период како просек од уплатениот капитал, нераспределената добивка и резервите, намалени за евентуалните непокриени загуби.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, нема да се применува на новооснованите субјекти во периодот од првите три години на работењето, вклучувајќи ја и годината на основањето.

(3) За камати од ставот (1) на овој член се смета износот на каматите на делот од заеми примени од содружниците или акционерите – нерезиденти, кои непосредно учествуваат најмалку со 20% во вкупната основна главнина на друштвото, односно во вкупното гласачко право во друштвото, доколку на почетокот и на крајот од даночниот период (календарска година, односно делот од годината за кој даночниот обврзник работел) тие заеми го надминале трикратниот износ на учеството во капиталот или во гласачкото право на содружникот или акционерот.

(4) За заеми на содружникот или акционерот од ставот (1) на овој член се сметаат и заемите добиени од трети лица за коишто гарантира тој содружник или акционер, како и заемите од банки доколку се дадени во врска со депозитот на тој содружник или акционер во таа банка.

(5) Износот на уделот на содружникот или акционерот во капиталот на примачот на позајмицата се одредува со примена на процентот на учество на

содружникот или акционерот во капиталот или во гласачкото право на друштвото на почетокот и на крајот на даночен период, врз основа на состојбата на:

1) основната главнина намалена за неуплатениот дел;

2) резервите (освен ревалоризационите резерви) и

3) нераспределените добивки, намалени за износот на евентуалните непокриени загуби, пресметан како просек од првиот и последниот ден во даночниот период во кој заемот се користи.

(6) Како камати од ставот (1) на овој член не се сметаат каматите по заемите добиени од содружници или акционери на друштвото, кои се банки или други финансиски организации.

Член 16

(1) Две лица се сметаат за поврзани кога:

1) Едното од нив стекнало, непосредно или преку друг субјект, удел или акции кои во основната главнина на другото лице се претставени со најмалку 20%, или кога му припаѓаат најмалку 20% од сите гласови на собирот на содружниците, односно на собранието;
2) Кое било трето лице, непосредно или преку друг субјект, стекнало удел или акции кои во основната главнина во секое од поврзаните лица се претставени со најмалку 20%, или кога на лицето му припаѓаат најмалку 20% од сите гласови на собирот на содружниците, односно на собранието, на секое од поврзаните лица;
3) Еден или повеќе извршни или неизвршни директори или членови на управниот или надзорниот одбор на едното лице, се извршни или неизвршни директори или членови на управниот или надзорниот одбор во другото лице;
4) Заем доделен или гарантиран од едното лице сочинува повеќе од 20% од книговодствената вредност на вкупните средства на другото лице;
5) Едното лице, непосредно или преку друг субјект, добива најмалку 20% од добивката на другото лице, како резултат на договор за деловна соработка помеѓу двете лица;
6) Едното лице е постојана деловна единица на друго лице;
7) Едното лице врши деловни и финансиски трансакции со друго лице кое е резидент на држава во која стапката на данок на добивка е 25% пониска од стапката на данок на добивка во Република Македонија.

(2) За целта на став (1) точки 1) и 2) на овој член, уделот, акциите или гласачките права на физичко лице се сметаат заедно со истите на брачниот другар, роднините по права линија, браќата, сестрите, хранителите и посвоителите.

Член 17

(1) Даночната основа се намалува за износот на наплатените побарувања и вратените парични средства кои по својата економска суштина се заеми, кои во претходни даночни периоди имале третман на непризнаен расход.

(2) Намалувањето на даночната основа од ставот (1) на овој член се врши соодветно за износот на наплатените побарувања до висината на искажаниот приход, за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа, соодветно на одаочениот износ.

Член 17-а

(1) Даночната основа се намалува за износот на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица.

(2) Даночната основа се намалува за износот на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став 1) точки 2), 3-б), 4), 5), 5-а) и 6) од овој закон, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход.

Член 18

Даночната основа се намалува за износот на приходите од дивиденди остварени со учество во капиталот на друг обврзник - резидент на Република Македонија, под услов да се одаочени кај обврзникот кој врши исплата на дивиденда.

Член 19

(1) Доколку даночниот обврзник оствари загуба искажана во Билансот на успех истата намалена за непризнаените расходи искажани во даночниот биланс може да ја пренесе на товар на добивката во идните пресметковни периоди најмногу до три години сметано од годината во која е искажана загубата.

(2) Намалувањето во даночнот биланс се врши последователно почнувајќи од износот на најрано настанатите даночни загуби.

(3) Правото од ставот (1) на овој член не може да се користи во случај на измена на статусот на даночниот обврзник врз основа на спојување, припојување, поделба, сопственичка трансформација и слично.

(4) Обврзникот кој искажува загуба, правото од ставот (1) на овој член го остварува со одобрение од Управата за јавни приходи, по негово барање кое се поднесува најдоцна до 31 март наредната година, по годината во која загубата е искажана.

(5) Управата за јавни приходи е должна да издаде одобрение по барањето од ставот (4) на овој член во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето.

IV. ЗАДРЖУВАЊЕ НА ДАНОК НА ПРИХОД ПЛАТЕН НА СТРАНСКИ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 20

(1) Освен ако поинаку не е регулирано со Меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување, лицата од ставот (3) на овој член кои вршат исплата на приходи на странско правно лице наведени во членот 21 од овој закон, се должни при исплатата на приходот да го задржат и да го уплатат данокот на соодветната уплатна сметка истовремено со исплатата на приходот.

(2) Задржаниот данок за било кој приход на странското правно лице, конечно е намирена даночната обврска на лицето за тој приход.

(3) Следниве лица го задржуваат данокот на приход платен на странско лице, и тоа:

а) домашно правно лице;

б) домашно физичко лице - регистрирано за вршење на дејност и

в) странско правно лице или физичко лице - нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија.

Член 21

(1) Задржувањето на данок се применува на следниве приходи, без оглед дали се исплатени во Република Македонија или во странство:

1) приход од дивиденди;

2) приход од камата од резидент;

3) приход од камата од нерезидент кој има постојана деловна единица во Република Македонија, ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица;

4) приход од авторски хонорар исплатен од резидент;

5) приход од авторски хонорар исплатен од нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија, ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица;

6) приход од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Македонија;

7) приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги и услуги на истражување и развој, ако приходот е исплатен од резидент или е на трошок на постојаната деловна единица во Република Македонија;

8) приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија;

9) приход од телекомуникациски услуги меѓу Република Македонија и странска држава и

10) приход од закуп на недвижности во Република Македонија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, данокот не се задржува на следниве приходи:

1) на трансфер на дел од добивката на постојана деловна единица на странско правно лице во Република Македонија, на која претходно е платен данок на добивка;

2) на приход од камата од должнички инструменти издадени и/или гарантирани од страна на Владата на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија и банки или други финансиски институции кои дејствуваат како претставник на Владата на Република Македонија;

3) на приход од камата од депозити во банка лоцирана во Република Македонија и

4) на приход остварен од посредување или консалтинг со државни хартии од вредност на меѓународен финансиски пазар.

Член 22

(1) Данокот што ќе се задржи во согласност со одредбите од членот 21 од овој закон, се пресметува на бруто приходите по стапка од 10%.

(2) За целите од ставот (1) на овој член, бруто приходот е приходот кој би бил исплатен на странското правно лице доколку не се изврши задржување на данок од приходот кој би се исплатил.

Член 23

(1) Доколку примателот на приход врз кој се применува задржување на данок е резидент на странска држава која има договор со Република Македонија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноците на доход и капитал, тогаш за целите од членот 22 од овој закон, даночната стапка која е утврдена за тој приход не смее да ја надмине даночната стапка која се применува за приходот одредена во договорот.

(2) Даночно ослободување или пониска стапка одредена во договорот со странска држава се применува на приход врз кој се применува задржување на данок ако исплатителот на приходот располага со пропишан образец заверен од надлежен даночен орган на странската држава и од Управата за јавни приходи, или одобрение за даночно ослободување издадено од Управата за јавни приходи.

(3) Доколку исплатувачот на приходот примени одредби од договорот за одбегнување на двојното оданочување, а не се исполнети условите од ставовите (1) и (2) на овој член и поради тоа е платен помал износ на данок, исплатувачот на приходот е должен да ја надомести разликата меѓу платениот данок и долгуваниот износ на данок согласно со одредбите од овој закон.

(4) Управата за јавни приходи по барање на нерезидентот е должна да издаде потврда за платениот данок во Република Македонија.

(5) Управата за јавни приходи е должна да издаде одобрение или решение за одбивање на издавање на одобрение по поднесените барања за даночно ослободување или пониска стапка од ставот (2) на овој член, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

Член 24

(1) Лицето кое има обврска да го задржи данокот во согласност со одредбите од оваа глава поднесува еднаш годишно извештај за уплатениот данок по задршка до Управата за јавни приходи до 15 февруари наредната година, по годината во која постоела обврска за задржување на данокот.

(2) Извештај за уплатениот данок по задршка за една година ги вклучува следниве информации за секое странско правно лице во чие име е извршено задржување на данокот за односната година:

1) име на исплатувачот, фирма, седиште;

2) име на лицето- обврзник и држава во која лицето е резидент;

3) вид и износ на приход врз кој се применува задржување на данок;

4) износ на данок кој треба да се задржи и датата на доспевање на обврската и

5) износ на данокот кој е задржан и дата на уплатата.

(3) Управата за јавни приходи за задржаниот данок на странското правно лице го известува надлежниот даночен орган во странство по негово барање.

V. ПРЕОБРАЗБА, ЛИКВИДАЦИЈА И СТАТУСНИ ИЗМЕНИ

Член 25

(1) Ако даночниот обврзник изврши преобразба од еден во друг облик, а сметководствената вредност на имотот и обврските останат исти, преобразбата не влијае на оданочувањето.

(2) Ако со преобразбата не се продолжи со истата сметководствена вредност заради извршената процена на имотот и на обврските по објективна (фер) вредност и доколку ревалоризационите резерви се запишуваат во основната главнина на преобразеното друштво, тогаш таквото зголемување се оданочува.

Член 26

Доколку даночниот обврзник се ликвидира, добивката или загубата се утврдува во периодот на ликвидација која е продолжение на последниот даночен период пред заклучувањето на постапката на ликвидација и пред распределбата на ликвидациониот остаток. Почетниот биланс на состојба за отварање на постапката за ликвидација треба да е ист со билансот на состојбата утврден на денот на отварањето на постапката за ликвидација. Завршниот биланс на состојба се составува по намирувањето на доверителите и пред распределувањето на

ликвидационата маса, односно по завршувањето на постапката на впаричување на имотот.

Член 27

(1) Даночните обврзници кај кои настанала статусна измена (поделба, спојување и присоединување) до Управата за јавни приходи доставуваат годишна сметка и даночна пријава за периодот од почетокот на годината до датумот на настанување на статусната промена во Централниот регистар на Република Македонија, како и почетен биланс на состојба на новото друштво кое продолжува со вршење на дејност.

(2) Ако кај даночниот обврзник настане статусна измена се смета дека постои даночен континуитет доколку даночниот обврзник продолжува со дејноста кое нема влијание на оданочувањето.

(3) Континуитетот во оданочувањето од ставот (2) на овој член постои само ако при преносот на друштвото што превзема не дојде до промена во процената на вредноста на имотот и на обврските на друштвото што пренесува.

(4) Континуитет во оданочување не постои доколку со зголемувањето на проценетата вредност на имотот и обврските над сметководствената вредност, се зголеми основната главнина на друштвото што превзема, тогаш таквото зголемување се оданочува.

VI. ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА

Член 28

(1) Даночната основа се намалува за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година (реинвестирана добивка).

(2) Под реинвестирана добивка од ставот (1) на овој член се подразбираат извршените инвестициски вложувања од добивката за развојни цели, односно вложувањата во материјални средства (недвижности, постројки и опрема), вклучително и вложувањата во материјални средства набавени преку финансиски лизинг, како и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста на даночниот обврзник, освен вложувања во патнички автомобили, мебел, теписи, аудио визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други вложувања кои служат за административни цели.

(3) Доколку даночниот обврзник ги отуѓи средствата со кои се стекнал преку реинвестирање на добивката во рок од пет години од денот во кој е извршено инвестициското вложување, го должи данокот кој би го платил кога не би го користел ослободувањето од ставот (1) на овој член.

(4) Во случај на раскинување на договорот за финансиски лизинг, даночниот обврзник го должи данокот кој би го платил кога не би го користел ослободувањето од ставот (1) на овој член.

(5) Доколку даночниот обврзник документирано не докаже дека даночното ослободување го искористил за вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста го должи данокот кој би го платил кога не би го користел ослободувањето од ставот (1) на овој член.

Член 29

Обврзникот кој е корисник на технолошка индустриска развојна зона користи даночно ослободување од данокот на добивка во рамки на државна помош под услови и по постапка утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Член 30

(1) На обврзникот кој е должен, согласно со членот 2 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања, да воведе и да користи фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување му се намалува пресметаниот данок за набавени до десет фискални апарати, во висина на нивната вредност.

(2) Доколку обврзникот даночното ослободување од ставот (1) на овој член не го искористи до крајот на тековната година, има право да го пренесе во наредниот период.

(3) Правото од ставот (1) на овој член обврзникот го остварува со одобрение од Управата за јавни приходи по поднесено барање до 20 јануари наредната година, по годината за која барањето се поднесува.

(4) Управата за јавни приходи е должна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (3) на овој член за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на добивка да постапи по барањето.

(5) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ја пропишува министерот за финансии.

Член 30-а

(1) На обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски субјекти, кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства, но најмногу до 50% од пресметаниот данок.

(2) Спортски субјекти од ставот (1) на овој член претставуваат националните спортски федерации, спортските клубови, други правни лица кои имаат решение за вршење дејност спорт, како и активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови кои таквиот статус го стекнале според услови и критериуми пропишани во Законот за спортот.

(3) Правото од ставот (1) на овој член обврзникот го остварува врз основа на ваучер издаден од Агенцијата за млади и спорт, согласно со Законот за спортот.

(4) За користење на правото од ставот (1) на овој член даночниот обврзник доставува до Управата за јавни приходи барање за даночно ослободување за донирање финансиски средства на спортски субјекти.

(5) Управата за јавни приходи во рок од 15 дена го потврдува или одбива барањето од став (4) на овој член.

(6) Даночниот обврзник, во рок од 15 дена по потврденото барање од став (5) на овој член, до Управата за јавни приходи доставува известување за извршена донација.

(7) По доставување на известувањето од став (6) на овој член, даночниот обврзник може да го користи правото од ставот (1) на овој член.

(8) Користењето на правото за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно одредбите на овој член, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за дадени донации во спортот.

(9) Доколку на даночниот обврзник или на лице поврзано со него, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортските субјекти од став (2) на овој член, директно или преку набавка на стоки и услуги, обврзникот го должи данокот кој би го платил доколку не го користел ослободувањето од овој член.

(10) Даночниот обврзник кој го користи даночното ослободување пропишано во став (1) на овој член може да донира во еден спортски субјект од секој вид спорт.

(11) По исклучок на ставот (10) на овој член даночниот обврзник кој го користи даночното ослободување пропишано во ставот (1) на овој член може да донира во два спортски субјекти од ист вид на спорт, само доколку едниот субјект е национална спортска федерација, а другиот спортски субјект е спортски клуб или активен спортист кој се натпреварува во индивидуален спорт.

(12) Начинот на спроведување на даночното ослободување од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за финансии.

(13) Износот на вредноста на издадените ваучери врз основа на кои обврзниците го остваруваат правото на даночно ослободување од ставот (1) на овој член изнесува 10 милиони евра годишно.

Член 30-б

(бришан)

Член 30-в

(бришан)

VII. ПОЕДНОСТАВЕН ДАНОЧЕН РЕЖИМ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Член 31

(1) Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно со Законот за трговските друштва, согласно со условите утврдени во членот 33 од овој закон можат да се определат да плаќаат годишен данок на вкупен приход.

(2) Трговските друштва ако извршуваат банкарска, финансиска и осигурителна дејност и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри, не припаѓаат во поедноставен даночен режим на плаќање на годишен данок на вкупен приход според ставот (1) на овој член.

Член 32

Трговските друштва од членот 31 став (1) од овој закон се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход под услов вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да не го надминува износот од 3.000.000 денари на годишно ниво.

Член 33

(1) Трговските друштва од членот 31 став (1) од овој закон можат да се определат да пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход под услов:

1) да извршуваат стопанска дејност, освен банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри и

2) вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да изнесува од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво.

(2) Трговските друштва одбраниот модел на оданочување од ставот (1) на овој член не може да го менуваат во наредните три години вклучувајќи ја и годината за која се плаќа данок на вкупен приход, доколку во наредните три години остваруваат вкупен приход од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво.

Член 34

(1) Годишниот данок на вкупен приход се пресметува врз основа на остварениот вкупен приход по сите основи во деловната година за која се утврдува данокот. Под деловна година се подразбира календарска година.

(2) Данокот на вкупен приход се пресметува во висина од 1% од износот на остварениот вкупен приход искажан во Билансот на успех во годишната сметка и финансиските извештаи според одредбите од Законот за трговските друштва, за деловната година за која се утврдува данокот.

Член 35

(1) Трговските друштва од членовите 32 и 33 од овој закон, Управата за јавни приходи ги евидентира во Регистарот на трговски друштва за годишен данок на вкупен приход.

(2) Управата за јавни приходи евидентирањето го врши врз основа на податоците за искажаниот вкупен приход во Билансот на успех кон годишната сметка и финансиските извештаи според одредбите од Законот за трговските друштва, за деловната година за која се утврдува данокот.

(3) Трговските друштва од членот 31 од овој закон се должни до Управата за јавни приходи да доставаат даночна пријава на образец „ДБ-ВП – Годишен данок на вкупен приход“ во рокот пропишан за поднесување на годишна сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство.

Член 36

(1) Трговските друштва се бришат од евиденцијата за годишен данок на вкупен приход и не се оданочуваат со годишен данок на вкупен приход, ако Управата за јавни приходи при прегледот на годишната сметка и работните книги на трговското друштво утврди дека истото не ги исполнило условите од членовите 32 и 33 од овој закон, односно доколку остварениот вкупен приход во годината за која се утврдува данокот е поголем од максималниот износ определен во членот 33 од овој закон.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член трговското друштво е должно да плати данок на добивка, а платениот данок на вкупен приход ќе се смета како аконтација на данокот на добивка.

(3) Трговските друштва се бришат од евиденција за годишен данок на вкупен приход и не се оданочуваат со годишен данок на вкупен приход ако Управата за јавни приходи утврди дека:

-се работи за поврзани лица кои остваруваат значаен меѓусебен промет, по цени кои се разликуваат од цените кои се воспоставени со неповрзани субјекти, со цел да се постигне намалено плаќање на данокот и

-трговското друштво презема обврски и искажува расходи кои се однесуваат на работењето со поврзано лице.

VIII. ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

Член 37

(1) На обврзникот - резидент на Републиката кој на добивката што е остварена со работа во странство платил данок во друга држава му се намалува пресметаниот данок во земјата за износот на данокот на добивка платен во странство, а најмногу до износ на данокот што би се добил со примена на даночната стапка од 10%.

(2) Даночниот обврзник кој остварува приходи во странство, доставува соодветен доказ за платениот или задржан данок од надлежниот даночен орган на странската држава.

IX. УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА

Член 38

(1) Даночниот период за кој се утврдува данокот на добивка е календарската година.

(2) Доколку даночниот обврзник работел за период пократок од една календарска година, за даночен период ќе се смета периодот од годината за која работел.

Член 39

(1) Даночниот обврзник е должен утврдувањето и плаќањето на данокот на добивка да го врши врз основа на образецот „ДБ – даночен биланс за одаочување на добивка“ што се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство.

(2) При престанување на условите за даночно ослободување од членот 28 ставови (3) и (4) и членот 30-а од овој закон, данокот на добивка се утврдува и плаќа врз основа на образец „ДД-ДО“, кој се доставува до Управата за јавни приходи во рок 30 дена од денот на престанување на условите за даночно ослободување.

(3) Субјектите од членот 31 на овој закон годишниот данок на вкупен приход го утврдуваат на образецот „ДБ - ВП – Годишен данок на вкупен приход“ кој се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно Законот за трговските друштва и прописите за сметководство во годината што следи по годината за која се врши одаочувањето, а плаќањето на данокот се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

(4) Обврзниците од членот 4-а став (3) од овој закон се должни утврдувањето на данокот на вкупен приход да го вршат врз основа на даночен биланс на непрофитни организации – образец „ДБ-НП/ВП“ кој се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за сметководството за непрофитните организации, а плаќањето на данокот се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

(5) Формата и содржината на образецот од став (2) и образецот од став (4) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 40

(1) Месечните аконтации на данокот на добивка во даночниот биланс „ДБ – даночен биланс за одаочување на добивка“ се утврдуваат во износ од една дванаестина од утврдениот данок во даночниот биланс за претходната година зголемени за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката од претходниот период од годината, односно до 31 јануари наредната година, во однос на просечните цени на мало во претходната година.

(2) Месечните аконтации се плаќаат во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец.

(3) Даночните обврзници кои донирале средства согласно член 30-а од овој закон имаат право на намалување на месечните аконтации од став (1) на овој член во висина од дадената донација но најмногу до 50% од износот на месечните аконтации на данокот на добивка.

(4) Обврската за плаќање на месечни аконтации не се однесува на организациите од член 4-а став (3) и трговските друштва од член 31 од овој закон.

Член 41

(1) Разликата меѓу уплатената аконтација според членот 40 од овој закон и вистинската обврска на пресметаниот данок на добивка согласно со членот 39 став (1) од овој закон, обврзникот е должен да ја уплати во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за предавање на годишната сметка.

(2) Ако обврзникот на данокот во вид на аконтација платил поголем износ на данок од износот што бил должен да го плати, може од Управата за јавни приходи да бара враќање на повеќе платениот износ.

(3) Управата за јавни приходи е должна да донесе решение за враќање на повеќе платениот данок на добивка на обврзникот, на негово барање во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето за враќање.

Член 42

Управата за јавни приходи врши контрола на начинот на пресметувањето, уплатувањето и враќањето на данокот на добивка.

X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 43

(1) Глоба во висина од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 1.200 до 4.000 евра во денарска Стр. 80 - Бр. 275 27 декември 2019 противвредност за даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 3.600 до 12.000 евра во денарска противвредност за даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 6.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за даночен обврзник правно лице (голем трговец), согласно со одредбите од овој закон, ќе му се изрече за сторен прекршок, доколку за целите на утврдување на даночната основа и даночните олеснувања на образецот за пресметка на данокот наведе неточни податоци поради кои дошло до утврдување на помала даночна основа.

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 200 до 1.000 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (мал трговец), од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој закон, покрај глобата на сторителот на прекршокот, ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена.

(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правно лице, може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена. Ако прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен за прв пат, забрана на вршење на професија, дејност или должност доколку се изрече, ќе се изрече само како самостојна санкција без глоба, а при повторно сторување на прекршокот од ставот (1) на овој член, забраната на вршење на професија, дејност или должност, доколку се изрече, ќе се изрече заедно со глоба.

Член 44

(1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако:

1) не го плати утврдениот данок на вкупен приход во пропишаниот рок (член 39 ставови (3) и (4));

2) во односите со поврзаните субјекти презема дејствија заради намалено плаќање на данок (член 36);

3) во пропишаниот рок не ја плаќа месечната аконтација на данокот на добивка (член 40 став (2));

4) во пропишаниот рок не ја плати разликата меѓу платената аконтација и вистинската обврска на пресметаниот данок на добивка (член 41 став (1)) или

5) не го плати утврдениот данок на добивка во пропишаниот рок (член 39 став (2)).

(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Член 45

(1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на приходи (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на приходи (мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на приходи (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице– исплатувач на приходи (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако при исплатата на приходот не го задржи и не го уплати данокот на соодветната уплатна сметка (член 20 став (1)).

(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 200 до 500

евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност на даночен обврзник - трговец поединец - исплатувач на приходи и лице кое самостојно врши дејност - исплатувач на приходи, ќе им се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - исплатувач на приходи за прекршокот од ставот (1) од овој член.

Член 46

(1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако не и поднесе на Управата за јавни приходи извештај и соодветен образец во пропишаниот рок (член 12-а ставови (1) и (2) и член 39).

(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече, за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 46-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, трговец поединец, физичко лице, лице кое самостојно врши дејност и одговорно лице во правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 46-б

(1) Глоба во износ од 25 од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во Управата за јавни приходи, ако не издаде одобрение, односно решение во роковите утврдени со членовите 19 став (6), 23 став (5), 30 став (4) и 41 став (3) од овој закон.

(2) За прекршоците од ставот 1 на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 46-в

(1) За прекршоците од членовите 43, 44, 45 и 46 од овој закон за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правни лица, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува прекршочниот орган.

(2) За прекршоците од овој закон, за кои глобата за лицата од ставот (1) на овој член е утврдена над износите од ставот (1) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Министерот за финансии ќе донесе посебен пропис за спроведување на одредбите на овој закон со кој поблиску ќе се уредат начинот на пресметувањето и уплатувањето на данокот од добивка, начинот на одбегнување на двојното ослободување или двојното оданочување, како и формата и содржината на обрасците од овој закон, најдоцна до крајот на ноември 2014 година.

Член 48

(1) Даночните обврзници кои ќе вршат исплати на акумулираните добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година за дивиденди и други распределби од добивката по стапувањето во сила на овој закон имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка.

(2) Пресметувањето и плаќањето на данокот од ставот (1) на овој член се врши на образецот "ДД-ИД – Пресметка на данок на добивка на исплатени дивиденди и други исплати од добивката".

Член 49

За износот на платените месечни аконтации на данокот на добивка на непризнаени расходи во текот на 2014 година, на даночниот обврзник му се намалува пресметаниот данок на данокот на добивка во даночниот биланс за 2014 година.

Член 50

Со започнувањето на примена на овој закон престанува да се применува Законот за данокот на добивка ("Службен весник на Република Македонија", бр.80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07, 159/08, 85/10, 47/11, 135/11, 79/13 и 13/14).

Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година со утврдување на добивката за деловната 2014 година.

Член 6
("Службен весник на РМ" бр. 129 од 31.07.2015 година)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 7

(“Службен весник на РМ“ бр. 23 од 10.02.2016 година)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

(“Службен весник на РМ“ бр. 23 од 10.02.2016 година)

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 9

(“Службен весник на РМ“ бр. 23 од 10.02.2016 година)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” број 124/15).

Член 3

(“Службен весник на РМ“ бр. 190 од 17.10.2016 година)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Член 21

(“Службен весник на РМ“ бр. 248 од 31.12.2018 година)

(1) Даночните обврзници кои согласно Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија” број 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07, 159/08, 85/10, 47/11, 135/11, 79/13 и 13/14), биле ослободени од обврската за плаќање данок на нераспределена добивка а кои по отпочнувањето на примената на овој закон ќе вршат покривање на загубите од акумулираните добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка.

(2) Пресметувањето и плаќањето на данокот од ставот (1) на овој член се врши на образецот “ДД-ПЗ“.

(3) Формата и содржината на образецот од став (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 22

(“Службен весник на РМ“ бр. 248 од 31.12.2018 година)

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 23

("Службен весник на РМ" бр. 248 од 31.12.2018 година)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2019 година.

Член 2

("Службен весник на РСМ" бр. 232 од 08.11.2019 година)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Член 14

("Службен весник на РСМ" бр. 275 од 27.12.2019 година)

(1) Даночните обврзници кои имаат искажано ревалоризациони резерви (ревалоризациони вишоци) за материјални и нематеријални средства, намалени за пресметаната амортизација на ревалоризираната вредност на средствата за период од 1 јануари 2019 година до денот кога средството е повлечено од употреба или оттуѓено, при преносот на истите во акумулирана добивка имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка.

(2) Пресметувањето и плаќањето на данокот од ставот (1) на овој член се врши на образецот ДД-РВ.

(3) Формата и содржината на образецот од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 15

("Службен весник на РСМ" бр. 275 од 27.12.2019 година)

Одредбите од членот 2 од овој закон, со кои во членот 9 се менува точката 3-а), а се додаваат две нови точки 19) и 20) ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2020 година.

Член 16

("Службен весник на РСМ" бр. 275 од 27.12.2019 година)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

Член 3
(“Службен весник на РСМ“ бр. 290 од 07.12.2020 година)

(1) Обврзниците на данокот на добивка кои имаат претрпено штети во своето работење поради ширење на корона-вирусот COVID-19, имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците ноември и декември 2020 година, како и за јануари и февруари 2021 година.

(2) Користењето на правото од ставот (1) на овој член се однесува на даночните обврзници кои ги исполнуваат следниве услови:

- даночниот обврзник-работодавач да не го намали бројот на вработени за времетраење на користењето на ослободувањето од ставот (1) на овој член во однос на бројот на вработени заклучно со 30 ноември 2020 година, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените,
- вкупните приходи од редовното работење на даночниот обврзник да се намалени за најмалку 30% во периодот април – септември 2020 година во однос на приходите од редовно работење во периодот април – септември 2019 година или
- даночниот обврзник да затворил најмалку 50% од продажните места преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти).

(3) За остварување на правото од ставот (1) на овој член даночните обврзници поднесуваат барање за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на добивка до Управата за јавни приходи најдоцна до петти наредниот месец за месецот за којшто обврзникот бара ослободување од плаќање на аконтации на данокот на добивка за временскиот период утврден во ставот (1) на овој член.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(5) Поднесувањето на барањето од ставот (3) на овој член, се врши преку системот „е-даноци“ на Управата за јавни приходи, а приемот на комплетното барање од ставот (3) на овој член го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од десет дена од денот на доставување на барањето.

(6) Даночниот обврзник кој го искористил правото од ставот (1) на овој член, а не ги исполнил условите од ставот (2) на овој член, има обврска да ги плати месечните аконтации на данокот на добивка што не ги платил и камата согласно со Законот за даночна постапка.

Член 4
(“Службен весник на РСМ“ бр. 290 од 07.12.2020 година)

(1) Доколку во 2020 и 2021 година даночниот обврзник оствари загуба искажана во Билансот на успех истата намалена за непризнаените расходи искажани во даночниот биланс за 2020 и 2021 година, може да ја пренесе на товар на добивката во идните пресметковни периоди најмногу до пет години сметано од годината во која е искажана загубата.

(2) Намалувањето во даночниот биланс се врши последователно почнувајќи од износот на најрано настанатите даночни загуби.

(3) Правото од ставот (1) на овој член не може да се користи во случај на измена на статусот на даночниот обврзник врз основа на спојување, припојување, поделба, сопственичка трансформација и слично.

(4) Обврзникот кој искажува загуба, правото од ставот (1) на овој член го остварува со одобрение од Управата за јавни приходи, по негово барање кое се поднесува најдоцна до 31 март наредната година, по годината во која загубата е искажана.

(5) Управата за јавни приходи е должна да издаде одобрение по барањето од ставот (5) на овој член во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето.

Член 5

("Службен весник на РСМ" бр. 290 од 07.12.2020 година)

(1) Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Северна Македонија кои водат сметководство и подготвуваат годишни сметки согласно со Законот за трговските друштва, се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход под услов вкупниот приход остварен во 2020 година од кој било извор да не го надминува износот од 5.000.000 денари на годишно ниво.

(2) Трговските друштва кои извршуваат банкарска, финансиска и осигурителна дејност и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри, не можат да го користат ослободувањето од ставот (1) на овој член.

Член 6

("Службен весник на РСМ" бр. 290 од 07.12.2020 година)

Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Северна Македонија кои водат сметководство и подготвуваат годишни сметки согласно со Законот за трговските друштва, можат да се определат да пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход за 2020 година под услов:

1) да извршуваат стопанска дејност, освен банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри и

2) вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да изнесува од 5.000.001 до 10.000.000 денари на годишно ниво.

Член 7

("Службен весник на РСМ" бр. 290 од 07.12.2020 година)

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

("Службен весник на РСМ" бр. 290 од 07.12.2020 година)

Одредбите од членот 1 од овој закон со кои во членот 9 се додава нова точка 5-б) од овој закон ќе започне да се применуваат од 1 јануари 2021 година.

Член 9
(“Службен весник на РСМ“ бр. 290 од 07.12.2020 година)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 4
(“Службен весник на РМ“ бр. 151 од 06.07.2021 година)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.